**Известување за концентрација со која Јунајтед Линк д.о.о. Белград со седиште на адреса Булевар Зоран Ѓинѓиќ 8а, 11000 Белград Србија ќе стекне контрола над Тако Лако Шоп д.о.о. Добановци со седиште на ул. Маршал Тито бр. 206, Добановци, Белград Србија**
**(предмет бр. 08-89/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.11.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Јунајтед Линк д.о.о. Белград со седиште на адреса Булевар Зоран Ѓинѓиќ 8а, 11000 Белград Србија ќе стекне контрола над Тако Лако Шоп д.о.о. Добановци со седиште на ул. Маршал Тито бр. 206, Добановци, Белград Србија, преку купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни анктивности:**

Јунајтед Линк е друштво основано на 2 Јули 2019 година, а поради трајно занимавање со трговија на мало со посредство на интернет и преку ТВ продажба.
Јунајтед Линк е дел од Јунајтед Груп, групација на друштва која дава телекомуникациски и медиски услуги во неколку земји во регионот, вклучувајќи ја и Северна Македонија а која за возврат е во сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП, меѓународен инвестициски фонд од Лондон.
БЦ Партнерс ЛЛП во Северна Македонија е присутен преку индиректното зависно друштво, Тотал ТВ д.о.о. скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар ВМРО 3, Скопје, кое е активно во дистрибуција на медиумска содржина преку ДТХ техничка платформа.
Тако Лако Шоп е активно во online малопродажба на роба за широка потрошувачка, односно продажба на мала роба за широка потрошувачка преку интернет .
Тако Лако Шоп нема поврзани друштва или активности во Северна Македонија.
Подносителот смета дека релевнтниот пазар може да се дефинира како пазар на трговија на мало со роба за широка потрошувачка преку интернет. Релевантен географски пазар е територијата на Република Северна Македонија.
*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.11.2019 година
Скопје